**20140992845**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Со цел имплементација на одредбите од Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓународна езерска патничка линија Охрид – Подградец, склучена во Охрид на 25 септември 1999 година и ратификувана со Закон за ратификација на Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓународна езерска патничка линија Охрид – Подградец („Службен весник на Република Македонија" бр.30/05),

Врз основа на член 35 став 1 алинеја 3 од Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија" бр. 171/10 и 41/14), Министерството за внатрешни работи на Република Македонија во согласност со Министерството за финансии – Царинска управа на Република Македонија и утврдената согласност на Министерството за внатрешни работи на Република Албанија, како надлежен орган на соседната држава донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРИВРЕМЕН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН

I. СЕ ОПРЕДЕЛУВА привремен граничен премин „Свети Наум" со цел спроведување на активности што произлегуваат од ратификувана Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓународна езерска патничка линија Охрид – Подградец.

II. МЕСТО НА ЛОЦИРАЊЕ на привремениот граничен премин

Привремениот граничен премин е лоциран на пристаништето во местото викано Свети Наум - Општина Охрид на територијата на Република Македонија.

III. ВРЕМЕ НА РАБОТЕЊЕ на привремениот граничен премин

Привремениот граничен премин се утврдува да работи од 15 јуни 2014 година до 15 септември 2014 година со работно време од 9 до 19 часот.

IV. ОБЕМ НА КОРИСТЕЊЕ на привремениот граничен премин

Лицата кои во периодот од дел III на ова решение имаат намера да ја преминат државната граница преку овој привремен граничен премин со себе можат да носат само предмети наменети исклучиво за лична употреба.

Привремениот граничен премин не може да се користи за транспорт, односно пренесување на стоки преку државната граница кои подлежат на плаќање царина, данок или други давачки.

V. НАЧИН НА ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА

Преминувањето на државната граница на привремениот граничен премин се врши од страна на лица кои се наоѓаат на списокот со податоци за члените на екипажот и патниците кои се наоѓаат на пловниот објект за крстосување.

VI. УСЛОВИ ЗА ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА

За преминување на државната граница преку привремениот граничен премин потребно е лицето да поседува валиден патен документ или друг документ пропишан за преминување на државната граница издаден согласно националното законодавство од

надлежен државен орган со кој може да се утврди неговиот идентитет, како и да ги исполнува условите за влез и напуштање на територијата на Република Македонија утврдени со закон.

Во случај на неисполнување на условите за влез и напуштање на територијата на Република Македонија може да се одбие влез, односно излез на член на екипажот или патник од делот V на ова решение, согласно закон.

VII. ТРОШОЦИ

Трошоците за определување и работење на привремениот граничен премин се на товар на Буџетот на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

VIII. Ова Решение се објавува во „Службен весник на Република Македонија“, а влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Бр.12.1-43078/1
13 јуни 2014 година
Скопје

За Министерство за финансии
Царинска управа
Директор,
**Наташа Радеска-Крстевска**, с.р.

За Министерство за внатрешни работи
Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.